REACHOR
research in action

# НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

**НАОДИ ОД ПРАШАЛНИК ЗА МЛАДИ**

Содржина:


**ВОВЕД ... 2**
Важноста на граѓанското учество ... 2
Граѓанското учество и младите ... 3

**МЕТОДОЛОГИЈА ... 4**
Метод ... 4
Демографија и примерок ... 4

**РЕЗУЛТАТИ ... 5**
Вклученост на младите во младински организации ... 5
Мотивација за вклучување ... 5
Области на делување/вклучување ... 6
На кој начин би сакале или веќе сте помагале ... 7
Најважни причини за мотивација ... 8
Задоволство, лични придобивки од помагање ... 9
Поради кои причини не сте дел од младинска организација ... 10
Што ќе ве охрабри да се вклучите ... 11

АНЕКСИ ... 13

# ВОВЕД[1]

## ВАЖНОСТА НА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО

Граѓанското учество како концепт е суштинска компонента на едно здраво демократско општество. Ангажираното граѓанство, односно граѓаните кои се активно вклучени во подобрувањето на своите заедници и својата држава се од огромна корист за граѓанското општеството и главен показател за здрави заедници, демократска држава и задоволни граѓани (Ehrlich, 2000; Zaff, Boyd, Li, Lerner, & Lerner, 2010).

Граѓанското учество во најшироката смисла е склоп на ставови, знаења и вештини, но пред сè активности кои се од корист на општеството, односно го подобруваат општото добро и благосостојбата на заедницата (Lenzi et al., 2012; Youniss, Mclellan, Su, & Yates, 1999). Овие активности кои најчесто се базираат на волонтерска работа се сретнуваат под разни термини кои често се употребуваат синонимно. Најчесто употребувани се граѓанска партиципација, граѓанско учество, граѓански активизам, граѓанска вклученост, ангажирано граѓанство, и граѓански ангажман (Lenzi, et al., 2012).

Волонтерството исто така е составен дел од граѓанското учество и со тоа уште повеќе се акцентира придобивката на општеството од граѓанското учество. Така, Меѓународната организација на труд цени дека волонтерството придонесува за минимум 400 милијарди (американски) долари во глобалната економија и освен тоа придонесува за обука на работната сила (ILO, 2008).

Важна терминолошка, но и концептуална разлика воведуваат Dejaeghere & Hooghe (2009) кои прават разлика меѓу конвенционална партиципација и граѓанска ангажираност, каде конвенционалната партиципација е поврзана со употреба на постојните државни механизми за влијание и всушност претставува политичка активност како на пр. гласање односно излезност на избори, додека концептот „ангажираност“ е асоциран со волонтирање, помагање и активности во заедницата. Волонтерството понатаму се дели на формално и неформално, каде формалното волонтерство е волонтерство преку невладини, непрофитни и други видови на организации (ние го нарекуваме и традиционално волонтерство), додека неформалното или нетрадиционално волонтерство е директно помагање на индивидуи вон рамките на одредена организација или група.

Граѓанското учество (вклучително и волонтерството) е еден од главните показатели за социјална вклученост и интеграција на граѓаните (Dejaeghere & Hooghe, 2009; ILO, 2008), па така, граѓаните кои се активно вклучени во подобрувањето на сопствените заедници чувствуваат поголема припадност на заедниците и со тоа ја подобруваат и добросостојбата на општеството во целост и сопствената благосостојба, бидејќи низ граѓанското учество тие се чувствуваат корисни и поврзани со своите заедници (Lerner, 2004; Zaff & Michelsen, 2001). Некои автори одат дотаму што тврдат дека активната вклученост во подобрувањето на заедниците не само што го подобрува општеството и задоволството на граѓаните, туку и самиот развој на граѓаните, бидејќи граѓанската ангажираност е во тесна врска со самите сфаќања и ставови на граѓаните и тоа пред сè со ставовите на доверба во функционалноста на системот, доверба во сопствените заедници и сограѓани како и доверба во сопствената ефикасност и корисност (ILO, 2008; Zaff, et al., 2010).

[1] Текстот е преземен од студијата на Реактор (2015), Македонците и нивните заедници: граѓанско учество, активизам и волонтерство. Доколку се цитира дел од Воведот да се наведе таа публикација, а не овој извештај. За повеќе види www.graganskoucestvo.mk

Врската помеѓу граѓанското учество и социјалната вклученост е особено важна за маргинализираните групи, како на пример етничките малцинства и особено младите, кои често се опишувани како апатична, неангажирана и социјално исклучена група (Blais, Gidengil, & Nevitte, 2004; Franklin, 2004; Jois & Toppe, 2005; Kimberlee, 2002; Korunovska Srbijanko, Korunovska Avramovska, & Maleska, 2011, 2012a; Pippa, 1999).

Загриженоста за **намаленото граѓанско учество на младите** е тема на голем број истражувања и јавни политки и веќе со децении оваа состојба е оценувана како **криза,** бидејќи зголеменото младинското неучество, а особено на избори[2] (EC, 2013; UNDP, 2012a, 2012b) ги загрозува основите на демократското општество, односно на репрезентативната демократија. Младите луѓе во новиот глобализиран свет на дигитални медиуми се идентификувани како група која не ја сфаќа важноста на јавните политики и традиционалниот граѓански активизам, односно група која во нив не гледа полза (Bennett, Wells, & Rank, 2007). Со тоа, младите се оценети како неинтегрирани во „општеството на возрасните“ односно како социјално исклучени (Dejaeghere & Hooghe, 2009; Harris, Wyn, & Younes, 2010).

Сепак, не сите автори се загрижени за опаѓањето на младинското граѓанско учество. Голем број сметаат дека иако младите не учествуваат во своите заедници во традиционалната смисла на зборот (како на пр. преку гласање на избори или учество во политички партии) тие „компензираат“ со нови, прогресивни идеи и однесувања особено преку новите медиуми, но и низ улични перформанси, волонтерство и протести (Bennett, et al., 2007; Dejaeghere & Hooghe, 2009; Jois & Toppe, 2005). Овие автори тврдат дека нестабилниот социјален контекст во кој се наоѓаат младите придонесува тие самостојно да го редефинираат својот политички стил на дејствување со тоа што наместо конвенционалните видови на граѓанско учество тие учествуваат во нови активности како на пример волонтерство на локално ниво, конзумеристички активизам, поддршка на глобални каузи, учество во меѓународни активности и креирање на глобално граѓанско општество преку партиципација во социјалните мрежи и форуми (Bennett, et al., 2007; Cohen, 2005; Dejaeghere & Hooghe, 2009; O'Toole & McDonagh, 2003; Zaff, et al., 2010).

Во секој случај, акцентирањето на намаленото (конвенционално) граѓанско учество кај младите и разбирањето на причините за неговата појава е важно бидејќи истражувањата покажуваат дека граѓанското учество е стабилно низ годините, па така оние кои се граѓански (не)активни како помлади е веројатно да останат (не)активни и како постари (Jois & Toppe, 2005). Дополнително, истражувањата покажуваат и дека секоја година расте бројот на млади кои се карактеризирани како апатични и незаинтересирани, а тоа, како што веќе напоменавме, ја загрозува одржливоста на репрезентативната демократија.

[2]Како што веќе напоменавме, гласањето на избори е исто така подкатегорија на граѓанското учество, бидејќи граѓаните кои гласаат на избори се активно (иако индиректно) вклучени во политичките одлуки за сопствените заедници. Гласањето на избори е исто така нарекувано конвенционално граѓанско учество.

# МЕТОДОЛОГИЈА

## МЕТОД

Анкетата се спроведуваше со самопополнување на онлајн прашалник од страна на мади лица на возраст од 16 до 29 години. Просечната возраст на испитаниците е 21 година. Дел од анкетите беа пополнувани и на хартија, а потоа беа внесувани од страна на координаторите на регионалните канцеларии на НМСМ. Примерокот беше пригоден, односно беа препраќани е-маил покани со линк до анкетата и беа пополнувани прашалници од страна на млади лица на возраст од 16 до 29 години. Прашалниците беа дисеминирани од страна на мрежата на координатори и членови на НМСМ организациите. Оттука, резултатите даваат слика за младите кои се анкетирани, меѓутоа поради големината на примерокот може да се земат за индикативни состојбите со младите генерално.

## ДЕМОГРАФИЈА И ПРИМЕРОК

Примерокот на анкетата се состои од вкупно 2.265 испитаника, од кои 1.234 (или 54,4%) се женски и 1.031 (или 45,5%) се машки младинци. Дополнително, 62 анкети беа пополнети од лица на возраст меѓу 30 и 38 години кои не се земени предвид во анализата.

Според етничка припадност, најголем дел од испитаниците (76,5%) се македонци, 15% албанци и 8,4% се со друга етничка припадност (турци-2,9%, роми-2,7%, срби-2,3%). Деталниот преглед на возраста на испитаниците и општината од кои доаѓаат се дадени во Анекс кон овој договор.

Очекувано, најголем дел од младите (74,2%) се слободни, а само 7,4% се мажени/женети. Сепак 15,9% од младите живеат одделено од своите родители, додека повеќе од четири од пет млади живеат заедно со нивните родители (84,1%). Деталниот преглед на брачниот статус на испитаниците е даден во Табела 1 подолу.

| **Табела 1: Брачен статус на испитаниците** | Број | Процент |
|---|---:|---:|
| Слободен/на | 1658 | 74,2 |
| Во врска живееме одвоени | 360 | 16,1 |
| Во врска живееме заедно | 37 | 1,7 |
| Мажена/женет и живеам со сопругот/та | 154 | 6,9 |
| Мажена/женет но, не живеам со сопругот/та | 12 | 0,5 |
| Разведен/а | 14 | 0,6 |
| Вкупно | 2235 | 100,0 |

Оттука не зачудува фактот што многу мал дел од испитаниците (5,4%) живеат во свој имот. Скоро по правило, испитаниците живеат во имот од нивните родители (82,2%), или родителите на неговиот/нејзиниот партнер (допонителни 3,9%). Само 8,5% од испитаниците живеат под кирија, што е еднакво на македонскиот просек, односно популацијата во Македонија што живее под кирија, што значи дека испитаниците ниту повеќе ниту помалку од македонскиот просек се кираџии.

# РЕЗУЛТАТИ

## ВКЛУЧЕНОСТ НА МЛАДИТЕ ВО МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

За да се одреди моменталната состојба со степенот на вклученост на младите во младински организаци и/или клубови, на самиот почеток испитаниците беа прашани дали се или некогаш не биле вклучени во некоја организација или клуб. Податоците укажуваат дека најголем удел во примерокот имаат младите кои никогаш не биле вклучени во организација или клуб, по што следуваат порано вклучените, а на последното место се оние кои во моментов се вклучени.

Високи 63% од испитаниците порано биле или во моментов се вклучени во некоја младинска организација или клуб. Имајќи ја предвид структурата на возраста на испитаниците, поточно податокот дека 98% од примерокот е на возраст до 30 години, а просечната возраст на испитаниците е 21 година, може да се констатира дека кај младите постои значителен интерес за вклучување во младински организации и/или клубови. Сепак, ако подетално ги погледнеме одговорите, ќе забележиме дека бројот на оние кои во моментов се вклучени (28%)  е помал од бројот на оние кои порано биле вклучени (35%).  Иако моментално или порано вклучените се мнозинство од испитаниците, нешто повеќе од една третина (37%) никогаш не биле вклучени во организација или клуб.

## МОТИВАЦИЈА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ

Почетоците на младите во младинските организации и/или клубови се различни, но од одговорите е забележливо дека најголем дел од младите започнале да помагаат или да се ангажираат во некоја организација или група поради личен интерес за темата или прашањето на кое работеле, како и поради личните и семејните контакти со лица порано или во моментот вклучени во организацијата.

Најзастапен е одговорот според кој младите започнале да помагаат на одредена организација или клуб бидејќи биле заинтересирани за прашањето на кое работеле во текот на нивниот ангажман. Овој одговор го одбрале 14% од испитаниците. Понатаму, од одговорите се забележува дека личните и семејните контакти исто така играат значајна улога во вклучувањето на младите во организации и клубови. 12% истакнале дека започнале бидејќи биле замолени од другар/ка, додека секој десетти испитаник одговорил дека бил замолен од член на организацијата. Дополнително, една десетина одговориле дека се вклучиле бидејќи друг член од семејството веќе бил ангажиран во организацијата. Нешто повеќе од една десеттина од испитаниците дознале за организацијата/клубот во кој се вклучиле преку медиумите, од кои 3 % од веб страните на организацијата, а останатите преку социјални мрежи, други медиуми и/или летоци.

Бројот на оние на кои волонтеризмот им бил обврска на училиште изнесува 85 што сочинува 3,7% во примерокот, додека бројот на оние кои биле принудени од родителите, чиј член на семејството добил услуги од организацијата или пак дознале од верска заедница е незначителен. Сепак, и тука треба да се истакне дека повторно нешто повеќе од една третина од испитаниците навеле дека никогаш не биле вклучени во организација.

Од одговорите може да се истакне дека личните контакти сè уште се најзастапени како фактор за првично вклучување на младите во организации, но исто така охрабрува и податокот за високиот удел на личната заинтересираност на младите за конкретни теми и прашања како причина за вклучување во организации и клубови.

Од друга страна, забележливо е дека организациите недоволно го користат мобилизирачкиот потенцијал на медиумите, поточно на социјалните мрежи, а има простор и за унапредување на соработката со училиштата и верските заедници како поврзувач помеѓу организациите и младите.

Деталните одговори се дадени во Табела 2, подолу.

| **Табела 2:** Како започнавте да и помагате на оваа организација/група/клуб? | Број | Процент |
|---|---|---|
| Друг член на семејството веќе беше ангажиран | 232 | 10,4 |
| Јас или некој од моето семејство добивав/ше услуги од организациј | 58 | 2,6 |
| Бев замолен/а од другар/ка да помогнам | 266 | 11,9 |
| Бев замолен од член на организацијата | 216 | 9,7 |
| Бев многу заинтересиран/а за прашањето на кое работев | 315 | 14,2 |
| Волонтеризмот ми беше обврска за училиште/работа | 85 | 3,8 |
| Бев приморан/а да волонтирам (од страна на родителите, законот, др | 24 | 1,1 |
| Дознав од црква/џамија/верска заедница | 11 | 0,5 |
| Дознав преку флаери/социјални мрежи/медиуми | 182 | 8,2 |
| Дознав преку веб сајтот на организацијата | 63 | 2,8 |
| Никогаш не сум бил вклучен во организација | 774 | 34,8 |
| Вкупно | 2.226 | 100,0 |

## ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ/ВКЛУЧУВАЊЕ

Образованието и активностите на младите и децата претставуваат најпосакувани и најзастапени области за вклучување кога станува збор за преференциите на младите. Кумулативно, нешто повеќе од две третини ги одбрале овие две области како најпожелни за вклучување и помагање. Така, секој трет млад човек истакнал дека сака да биде вклучен во активности на млади/деца надвор од училиште, додека нешто повеќе од една четвртина рекле дека би се вклучиле во образование на млади/деца во училиште. Интересно е да се забележи дека поголем дел од младите би волонтирале надвор од училиштата во споредба со оние кои би волонтирале и помагале во училиштата. Во овој контекст треба да се додадат и 9% млади кои би сакале да помогнат во образование на возрасни.

Хоби, рекреација, уметност и друштвени клубови се најинтересна област за вклучување и помагање за секои 3 од 10 млади, додека спортот и вежбањето, и тоа преку учествување, водење или само гледање го одбрале нешто повеќе од една четвртина од младите.

Нешто помалку од една четвртина би сакале да се вклучат и да помогнат во областа на правдата и човековите права, што споредено со спортот и рекреацијата покажува понизок степен на заинтересираност на младите за овие важни теми. Политиката е област во која би се вклучиле 12%, наспроти граѓанските и локалните месни групи во кои би се вклучиле и помогнале 9% и 4%.

За околината и животните би помагале ниски 17% проценти од младите, а сличен степен на заинтересираност за вклучување младите покажале и за безбедноста и првата помош (16%). Во здравство и социјална заштита би се вклучиле и помогнале 14%, додека најмалку интересни области за младите, за вклучување се религијата со 6% и постарите лица со 5%.

Деталните одговори се дадени во Табела 3 подолу:

| **Табела 3: Област** | Број | Процент |
|---|---|---|
| Образование на деца / училишта | 608 | 26,8 |
| Активности на млади / деца (надвор од училиште) | 754 | 33,2 |
| Образование за возрасни | 195 | 8,5 |
| Спорт / вежбање (учествување, водење или само гледање) | 615 | 27,1 |
| Религија | 135 | 6,0 |
| Политика | 268 | 11,8 |
| Постари лица | 110 | 4,9 |
| Здравство, инвалидитет и социјална заштита | 312 | 13,8 |
| Безбедност, прва помош | 358 | 15,8 |
| Околината, животните | 374 | 16,5 |
| Правда и човекови права | 500 | 22 |
| Локални месни или маалски групи | 96 | 4,2 |
| Граѓански групи | 200 | 8,8 |
| Хоби, рекреација, уметност, друштвени клубови | 646 | 28,5 |
| Активности на синдикати | 52 | 2,3 |
| Ниту едно од овие | 61 | 2,7 |
| Вкупно | 2268 | 100,0 |

## НА КОЈ НАЧИН БИ САКАЛЕ ИЛИ ВЕЌЕ СТЕ ПОМАГАЛЕ

Испитаниците беа прашани за начините на кои веќе помагале или би сакале да помагаат, а од одговорите се гледа дека младите луѓе најмногу помагале или би сакале да помагаат преку собирање пари, спонзорства и пишување проекти. Овој одговор го навел секој трет испитаник што е охрабрувачки податок бидејќи на овој начин младите помагаат во одржливоста на организациите и групите во кои се вклучени, но и стекнуваат вештини и искуства кои се ценети и корисни и го унапредуваат нивниот професионален развој.  Друг начин за помагање кој е исто така високо застапен во одговорите е организација на настани или помош при организација на настани, а овој начин го одбрале само нешто помалку од една третина од испитаниците, додека 16% проценти од испитаниците навеле дека учествувале во кампања.

Речиси една петина од младите помагале или би сакале да помагаат при водење на група или членување во Управен одбор, а речиси секој четврти млад човек има искуство или би сакал да учествува во работни групи и состаноци, односно да ја претставува групата/организацијата.

Една четвртина од младите би волонтирале или биле вклучени во спријателување или помагање луѓе и менторство. Дополнително, желбата и искуството на младите во давање помош во вид на совети, консултации ја истакнале речиси секој трет испитаник, додека 14% давале или би сакале да пружат практична помош како купување работи и помош во училиште. Во овој контекст, треба да се истакне дека 15% од испитаниците волонтирале или би волонтирале при посета на луѓе, додека еден од десет млади одбрале возење и наоѓање транспорт како начин на кој помагале или би волонтирале.

Од одговорите се гледа високиот степен на желба и посветеност на младите за давање различни видови на помош што директно влијае на заедниците во кои живеат и делуваат, а исто така охрабруваат и податоците според кои младите стекнале или имаат желба да стекнат работни вештини кои подоцна би им помогнале во нивниот професионален живот.

Иако желбата и искуството постојат, зачестеноста на волонтирање треба да се подобри. Имено, само нешто повеќе од половина од испитаниците навеле дека барем еднаш неделно би можеле да одвојат време, додека речици една третина истакнале дека помагале или би помагале поретко од еднаш неделно, но барем еднаш месечно. Поретко од еднаш месечно волонтирале или би волонтирале помалку од 10%, а бројот на оние кои навеле дека никогаш не помагале, односно дека немаат воопшто време за волонтирање изнесува 5%. Од друга страна, речиси секој четврти млад човек навел дека сака да поминува повеќе време помагајќи им на младинските организации и групи во неговата/нејзината заедница.

| **Табела 4: Како најверојатно би волонтирале?** | Број | Процент |
|---|---|---|
| Собирање пари, спонзорства, пишување проекти | 804 | 35,4 |
| Водење на групата или член на (Управен) одбор | 427 | 18,8 |
| Организација на настан или помош при организација на настан | 704 | 31,0 |
| Посета на луѓе | 346 | 15,3 |
| Спријателување или помагање на луѓе, менторство | 576 | 25,4 |
| Давање совети, информации, консултации | 623 | 27,5 |
| Секретарски, административна, канцелариска или сметководствена работа | 288 | 12,7 |
| Возење, наоѓање транспорт | 213 | 9,4 |
| Претставување, учество во состаноци, работни групи | 540 | 23,8 |
| Учество во кампања | 360 | 15,9 |
| Друга практична помош (пример купување работи, помош во училиште итн) | 317 | 14,0 |
| Вкупно | 2268 | 100,0 |

| **Табела 5: Колку често би помагале?** | Број | Процент |
|---|---|---|
| Барем еднаш неделно | 1174 | 52,9 |
| Поретко од неделно, но барем еднаш месечно | 606 | 26,7 |
| Поретко од месечно | 197 | 8,9 |
| Два до три пати во годината | 60 | 2,7 |
| Само еднаш / еднократно | 64 | 2,9 |
| Никогаш / немам време | 117 | 5,3 |
| Вкупно | 2218 | 100,0 |

## НАЈВАЖНИ ПРИЧИНИ ЗА МОТИВАЦИЈА

Резултатите од прашањето за начините на кои младите помагале или би волонтирале може да се рече дека се потврдуваат и дополнително разјаснуваат ако ги погледнеме одговорите во врска со најважните причини за мотивација. Генералната расположеност на младите да помагаат која се забележува при одговорите за начините, мнозинството испитаниците директно ја потврдиле наведувајќи дека подобрувањето на работите и помагање на луѓето им е една од најважните причини за мотивација. Во овој контекст се надополнуваат и речиси една четвртина млади кои истакнале дека една од најважните причини им било чувството дека заедницата во која живеат има потреба од нивно активирање и делување. Дополнителни 15% навеле дека помагањето е дел

од нивната животна филозофија, додека за еден од десет испитаници важна причина за мотивација биле целта, односно каузата.

Учењето нови работи и вештини е исто така многу важна причина за мотивација бидејќи овој одговор го одбрале четири од десет испитаници. За една петина причина за мотивација е мислењето дека волонтирањето и помагањето им помага во напредокот во нивната кариера, додека за една четвртина важна причина е можноста да ги употребат вештините и знаењата кои веќе ги имаат.

Како и во претходните прашања, стекнувањето пријателства и воспоставувањето нови контакти и овде се појавува како мошне значаен фактор. Тоа го потврдуваат речиси половина од испитаниците кои го избрале овој одговор како една од најважните причини за мотивација. За еден од десет млади, помошта која ја давале нивните пријатели и роднини била позитивен пример кој ги мотивирал и нив да се вклучат во помагање и волонтирање, додека за ниски 6% волонтирањето било поврзано со потребите на нивната фамилија и/или другари.

Слободното време кое младите го имаат било една од најважните причини за мотивација за 16% од испитаниците. Деталниот преглед на одговорите е даден во Табела 6.

| **Табела 6: Причини кои ве мотивираат** | Број | Процент |
|---|---|---|
| Сакам да ги подобрам работите, да им помогнам на луѓето | 1289 | 56,8 |
| Сакам да запознаам луѓе, да стекнам нови пријатели | 1059 | 46,7 |
| Каузата / целта ми беше многу важна | 220 | 9,7 |
| Моите пријатели, другари / роднини помагаа | 261 | 11,5 |
| Поврзано беше со потребите на мојата фамилија, на моите другари | 127 | 5,6 |
| Чувствував дека има потреба во мојата зааедница | 535 | 23,6 |
| Мислам дека ќе имам шанса да научам нови работи, вештини | 964 | 42,5 |
| Мислев дека ќе имам шанса да ги употребам моите вештини и знаење | 602 | 26,5 |
| Ми помага во напредокот на мојата кариера | 480 | 21,2 |
| Тоа е дел од моите верски убедувања | 108 | 4,8 |
| Помагањето е дел од мојата животна филозофија | 349 | 15,4 |
| Ми даде шанса за диплома, официјална потврда | 101 | 4,5 |
| Имав слободно време да го правам тоа | 352 | 15,5 |
| Немаше кој друг освен мене да го прави тоа | 26 | 1,1 |
| Ниту едно од наведените, немам причина да се вклучувам | 108 | 4,8 |
| Вкупно | 2268 | 100,0 |

## ЗАДОВОЛСТВО, ЛИЧНИ ПРИДОБИВКИ ОД ПОМАГАЊЕ

Едно од прашањето се однесуваше на задоволството, односно на добиените и очекуваните лични придобивки за оние кои веќе волонтирале или биле вклучени во младинска организација, како и за оние кои размислуваат да го направат тоа во иднина. Најголем дел од одбраните добиени или очекувани придобивки се однесуваат на зголемените искуства, знаења и вештини, како и личната сатисфакција и реализација на младите. Сепак, повторно можноста да се среќаваат нови луѓе и да се стекнуваат пријатели е наведена како лична придобивка од најголем број млади (56%).

За четири од десет испитаници важна лична придобивка е проширувањето на животните искуства, додека за една третина задоволството доаѓа од можноста да се научат нови вештини и да се стекнат нови знаења. Во овој контекст треба да се напомене дека 12% од младите ја сметаат за лична придобивка можноста да ги подобрат своите шанси за вработување преку

волонтирање и помагање, а за исто толкав број млади луѓе добивањето сертификат е или би било лична придобивка.

Значајно место во личните придобивки и задоволство до волонтирањето игра и можноста младите да видат конкретни резултати од нивната работа, тоа го истакнале една третина од испитаниците, додека за една четвртина задоволството доаѓа од можноста да работат нешто за кое имаат знаење и вештини. Дополнително, само нешто помалку од 30% од младите навеле дека задоволството при волонтирањето предизвикува и чувството на личен успех, а секои два од десет испитаници одговориле дека на тој начин се чувствуваат помалку себични.

На една четвртина од младите волонтирањето и помагањето во младинска организација им дава повеќе самодоверба, а на 16% проценти им создава чувство дека се потребни. Една петина навеле дека навистина уживаат во работата која ја вршат, на еден од десет млади луѓе волонтирањето им помага да заборават на стресот. Деталните одговори се дадени во Табелата 7 која следи:

| **Табела 7: Очекувани придобивки** | Број | Процент |
|---|---|---|
| Среќавам луѓе и стекнувам пријатели | 1276 | 56,3 |
| Кога ќе видам резултати, сум многу задоволна/ен | 772 | 34,0 |
| Ми дава шанса да работам нешто во кое сум добар | 547 | 24,1 |
| Ме прави да се чувствувам понесебичен/на како човек | 467 | 20,6 |
| Навистина уживам во таа работа | 444 | 19,6 |
| Ги шири моите искуства во животот | 879 | 38,8 |
| Ми дава чувство на личен успех | 654 | 28,8 |
| Ми дава шанса да учам нови вештини и да стекнувам нови знаења | 732 | 32,3 |
| Ми дава статус во оппштеството, заедницата | 257 | 11,3 |
| Добивам сертификат | 268 | 11,8 |
| Ми дава повеќе самодоверба | 580 | 25,6 |
| Ме прави да се чувствувам потребен/потребна | 373 | 16,4 |
| Ми дава шанса да ги подобрам моите шанси за вработување | 281 | 12,4 |
| Ме прави да заборавам на стресот | 237 | 10,4 |
| Ми го подобрува здравјето | 91 | 4,0 |
| Ниту едно од наведените | 123 | 5,4 |
| Вкупно | 2268 | 100,0 |

Дополнително, многу е важно што најголем дел од испитаниците (77%) се изјасниле дека имаат желба повеќе да помагаат, односно си помислиле да поминат повеќе време помагајќи им на младинските организации и групи во нивната заедница. Оваа е потенцијал кој што треба да се искористи од НМСМ.

## ПОРАДИ КОИ ПРИЧИНИ НЕ СТЕ ДЕЛ ОД МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Најчесто искажаната причина поради која младите не се дел од младинска организација претставуваат обврските на училиште односно работа, ова го истакнале нешто повеќе од една четвртина од младите кои не се активни. Од друга страна, нешто помалку од една четвртина навеле дека се занимаваат со други работи во нивното слободно време. Интересно е да се напомене дека недостатокот на друштво и срамот ги одвраќаат од вклучување 10% од младите.

Недостатокот на соодветни информации, односно непознавањето на групи во кои младите би можеле да се вклучат е причина за неактивност за 15% од испитаниците, секој десетти испитаник навел дека не слушнал/а за можности за вклучување/давање помош.

Грижа за деца или постари лица во домот е причина поради која не се активираат ниски 5% од младите, додека возраста е причина за речиси една десетина.

Недовербата во младинските организации и ставот дека со нивните активности не им помагаат на заедниците во кои делуваат е причина поради која не се вклучуваат нешто помалку од десет проценти од младите.

| **Табела 8: Причини поради кои не се вклучуваат** | Број | Процент |
|---|---|---|
| Се срамам, немам друштво | 224 | 9,9 |
| Треба да се грижам за деца/за домот | 87 | 3,8 |
| Треба да се грижам за постаро или болно лице | 59 | 2,6 |
| Треба да учам, имам обврски на училиште/работа | 617 | 27,2 |
| Се бавам со други работи во моето слободно време | 541 | 23,9 |
| Престар/а сум | 86 | 3,8 |
| Премлад/а сум | 118 | 5,2 |
| Не познавам групи во кои можам да се вклучам, немам доволно информации каде можам да се вклучам | 336 | 14,8 |
| Не сум слушнал/а за можности за вклучување/давање помош | 232 | 10,2 |
| Никогаш не сум помислил/а за таа можност | 176 | 7,8 |
| Имам болест или инвалидитет кој ме спречува | 19 | 0,8 |
| Не верувам во целта која младинските организации ја застапуваат | 86 | 3,8 |
| [Невладините организации постојат само поради проектите, реално не и помагаат на заедницата | 121 | 5,3 |
| Ниту едно од наведените, активен/а сум | 483 | 21,3 |
| Вкупно | 2268 | 100,0 |

## ШТО ЌЕ ВЕ ОХРАБРИ ДА СЕ ВКЛУЧИТЕ

Следејќи ги трендовите при одговорите за причините за невклучување, секој трет млад човек истакнал дека би бил охрабрен да се вклучи во младинска организација или група ако има повеќе информации за различни организации кои може да ги поддржи. Слично на претходните одговори, имањето повеќе слободно време би го охрабрило секој четврти млад човек да се вклучи во младинска организација или група.

Еден од најиндикативни односно загрижувачки податоци е тоа што речиси една четвртина од младите би ги охрабрило да се вклучат кога организацијата би работела директно на проблемите на младите. Ова укажува на потребата младинските организации подобро да ги фокусираат своите активности и поконкретно да ги насочат кон проблемите кои најдиректно ги засегаат младите, или пак, да го подобрат начинот на кој ја презентираат својата работа и комуницираат со целната група. Дополнително, една петина од младите би биле поохрабрени од сигурноста дека организациите правилно ги користат парите. Во овој контекст, важно е да се истакне дека транспарентноста во работењето на младинските организации и групи не ги обесхрабрува младите бидејќи само еден од десет испитаници навеле дека поголема транспарентност би ги охрабрила да се вклучат.

Можноста да се учествува во управувањето би охрабрила да се вклучат помалку од 10% од младите, но за 17% охрабрување би било доколку организацијата ја водат млади лидери од заедницата.

За еден од десет испитаници охрабрување би било доколку добијат благодарност за ангажманот во електронска или печатена форма, додека 13% би биле охрабрени доколку некој лично од нив побара да се вклучат.

Доколку училиштата повеќе би го ценеле ангажманот во младинските организации, тоа би охрабрило да се вклучат дополнителни 9%. Деталните одговори се дадени во Табела 9.

| **Табела 9: Што би ве мотивирало да се вклучите?** | Број | Процент |
|---|---|---|
| Да имам повеќе информации за различни организации кои може да ги поддржувам | 816 | 36,0 |
| Да добивам писмо или електронска пошта со благодарност од организација | 235 | 10,4 |
| Ако организацијата побара да се вклучам лично | 298 | 13,1 |
| Сигурност дека организација ги користи парите правилно | 449 | 19,8 |
| Кога би имал/а повеќе време | 547 | 24,1 |
| Кога би можел/а да учествувам во управувањето | 168 | 7,4 |
| Кога организацијата би била по транспарентна | 243 | 10,7 |
| Кога организацијата би ја воделе млади лидери во заедницата | 383 | 16,9 |
| Кога организацијата би работела директно на проблемите на младите | 514 | 22,7 |
| Кога ангажманот би бил ценет од училиштето | 194 | 8,6 |
| Ниту едно од наведените, не би се вклучил/а | 170 | 7,5 |
| Вкупно | 2268 | 100,0 |

| Која е вашата возраст? | | f | % |
|---|---|---|---|
| | ,00 | 6 | ,3 |
| | 11,00 | 1 | ,0 |
| | 13,00 | 1 | ,0 |
| | 14,00 | 10 | ,4 |
| | 15,00 | 89 | 3,9 |
| | 16,00 | 191 | 8,4 |
| | 17,00 | 218 | 9,6 |
| | 18,00 | 345 | 15,2 |
| | 19,00 | 179 | 7,9 |
| | 20,00 | 187 | 8,2 |
| | 21,00 | 92 | 4,1 |
| | 22,00 | 137 | 6,0 |
| | 23,00 | 168 | 7,4 |
| | 24,00 | 165 | 7,3 |
| | 25,00 | 140 | 6,2 |
| | 26,00 | 119 | 5,2 |
| | 27,00 | 71 | 3,1 |
| | 28,00 | 61 | 2,7 |
| | 29,00 | 25 | 1,1 |
| | 30,00 | 29 | 1,3 |
| | 31,00 | 9 | ,4 |
| | 32,00 | 3 | ,1 |
| | 33,00 | 5 | ,2 |
| | 34,00 | 5 | ,2 |
| | 35,00 | 3 | ,1 |
| | 36,00 | 2 | ,1 |
| | 37,00 | 3 | ,1 |
| | 38,00 | 1 | ,0 |
| | 55,00 | 1 | ,0 |

| Општина на живеење | f | % | Кумулативен % |
|---|---|---|---|
| Аеродром | 33 | 1,5 | 1,5 |
| Арачиново | 2 | ,1 | 1,5 |
| Берово | 1 | ,0 | 1,6 |
| Битола | 147 | 6,5 | 8,1 |
| Богданци | 3 | ,1 | 8,2 |
| Босилово | 10 | ,4 | 8,6 |
| Брвеница | 32 | 1,4 | 10,1 |
| Бутел | 2 | ,1 | 10,1 |
| Валандово | 7 | ,3 | 10,4 |
| Василево | 13 | ,6 | 11,0 |
| Вевчани | 2 | ,1 | 11,1 |
| Велес | 4 | ,2 | 11,3 |
| Виница | 1 | ,0 | 11,3 |
| Врапчиште | 18 | ,8 | 12,1 |
| Гази Баба | 20 | ,9 | 13,0 |
| Гевгелија | 109 | 4,8 | 17,8 |
| Гостивар | 102 | 4,5 | 22,3 |
| Градско | 1 | ,0 | 22,4 |
| Дебар | 121 | 5,3 | 27,7 |
| Дојран | 1 | ,0 | 27,7 |
| Ѓорче Петров | 16 | ,7 | 28,4 |
| Илинден | 2 | ,1 | 28,5 |
| Јегуновце | 20 | ,9 | 29,4 |
| Кавадарци | 86 | 3,8 | 33,2 |
| Карбинци | 1 | ,0 | 33,2 |
| Карпош | 19 | ,8 | 34,1 |
| Кисела Вода | 16 | ,7 | 34,8 |
| Кичево | 119 | 5,2 | 40,0 |
| Крива Паланка | 101 | 4,5 | 44,5 |
| Кривогаштани | 1 | ,0 | 44,5 |
| Куманово | 102 | 4,5 | 49,0 |
| Липково | 3 | ,1 | 49,2 |
| Неготино | 137 | 6,0 | 55,2 |
| Ново Село | 13 | ,6 | 55,8 |
| Охрид | 80 | 3,5 | 59,3 |
| Прилеп | 101 | 4,5 | 63,8 |
| Радовиш | 87 | 3,8 | 67,6 |
| Ранковце | 3 | ,1 | 67,7 |
| Ресен | 101 | 4,5 | 72,2 |
| Росоман | 1 | ,0 | 72,2 |
| Сарај | 9 | ,4 | 72,6 |
| Свети Николе | 114 | 5,0 | 77,6 |
| Скопје | 11 | ,5 | 78,1 |
| Струга | 154 | 6,8 | 84,9 |
| Струмица | 68 | 3,0 | 87,9 |
| Теарце | 29 | 1,3 | 89,2 |
| Тетово | 108 | 4,8 | 94,0 |
| Центар | 8 | ,4 | 94,3 |
| Чаир | 20 | ,9 | 95,2 |
| Штип | 109 | 4,8 | 100,0 |
| Тотал | 2268 | 100,0 | |